# Комбинирано осигурување на моторни возила

Документ со информации за производот за осигурување

**Компанија: ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

**Производ: Каско осигурување**

Во овој документ се сумирани клучните информации поврзани со производот за осигурување. Целосните преддоговорни и договорни информации за производот се составен дел од општите и посебните услови за осигурување.

## Вид на осигурување

Предмет на осигурување се сите видови моторни, приклучни и шински возила, како и велосипеди со помошен мотор и нивните составни делови додека се тие вградени или прицврстени во и на возилото.

### Осигурително покритие

- ✓ Сообраќајна незгода;
- ✓ Тешка кражба и кражба на делови на возило;
- ✓ Паѓање на некој предмет или удар од некој предмет вклучително и паѓање на снег и мразулци;
- ✓ Пожар;
- ✓ Ненадејно надворешно термичко или хемиско дејство;
- ✓ Удар на гром;
- ✓ Експлозија, освен експлозија на нуклеарна енергија;
- ✓ Луња;
- ✓ Град;
- ✓ Снежна лавина;
- ✓ Паѓање на воздушни летала;
- ✓ Поплава, порој и високи води;
- ✓ Лизгање на терен и одронување на земјиште;
- ✓ Кршење или оштетување на стандардно вградено стакло на осигуреното возило;
- ✓ Манифестации и демонстрации;
- ✓ Намерно предизвикување на штета на осигурениот предмет заради спречување на поголема штета на тој предмет;
- ✓ Злонамерни дејствија на трети лица (вандализам).

**Проширување на потполно каско за зголемени ризици**

- ✓ Возило земено под наем (rent a car);
- ✓ Возило за такси служба;
- ✓ Возило за превоз на опасни материи;
- ✓ Возило со надградба од пластична материја, освен церади.

### Исклучени ризици

- ✗ Војна, граѓанска војна, воен преврат, воени состојби, граѓански немири, бунтови, тероризам;
- ✗ Поради дефект за време на движење на возилото (погонски штети);
- ✗ Замрзнување на вода или средство за ладење, прегревање или топење на електричната инсталација освен ако не бил развиен пожар;
- ✗ Изгореници на тапацирот од цигари;
- ✗ Возило кое не поминало на технички преглед;
- ✗ Излевање на вода од канализациона мрежа, освен ако до излевање дошло поради поплава, влегување во поплавено подрачје и простор со висока вода;
- ✗ Нуклеарни експлозии, радиоактивни производи, ласерски, ултравиолетови и други;
- ✗ Земјотреси и последици од земјотреси;
- ✗ Користење на возило за специјални намени (rent a car, такси и сл) освен ако не е поинаку договорено;
- ✗ Учество на возило во натпревари, трки и сл. без платен доплаток;
- ✗ Управување на возило под дејство на алкохол и дроги;
- ✗ Останати исклучувања согласно Условите за осигурување.

**Дополнителни осигурувања**

- Опрема дополнително вградена во возилото;
- Багаж во патнички автомобили, камп приколки, товарни и специјални возила;
- Патни колекции на примероци на стока во патнички и комби возила;
- Алат и прибор;
- Подвижна техника во патнички и комби возила;
- Осигурување од ризик кршење .

## Ограничувања на осигурувањето

- ! Покритието е ограничено до сумата на осигурување;
- ! При штети без полициски записник и кога нема потпишано Европски извештај надоместокот на штета е до 15% од осигурената сума, но не повеќе од 2.000 ЕУР во денарска противвредност;
- ! Ризикот кражба во Република Бугарија е покриен само со приложување на сметка од платен паркинг;
- ! Франшиза, ако е договорена во полисата.

## Територијална важност на осигурувањето

Европа, освен ако не е поинаку договорено.

## Обврски на осигуреникот

- При склучување на осигурувањето да го донесе возилото на преглед и фотографирање кај овластен продавач на Евроинс;
- При сообраќајна незгода доколку се работи за поголема штета задолжително да повика надлежен орган;
- При пожар, кражба или разбојништво задолжително да ги извести надлежните органи;
- Осигуреникот е во обврска да во случај на настанување на некој од осигурените ризици да превземе мерки во негова моќ, за намалување и евентуално спречување на штетните последици.

## Премија за осигурување

Премијата се плаќа во договорените рокови, еднократно или на рати.

## Почеток и престанок на покритието

Осигурувањето важи 12 (дванаесет) месеци од денот и часот кој е означен во полисата како почеток на осигурувањето, ако не е поинаку договорено.

## Прекин на договорот

Осигурувањето престанува во 24:00 часот без оглед дали е и колку договореното траење при промена на сопственост на осигуреното возило,сметано од денот на нотарската заверка на купопродажниот договор.